**<u>Соопштение за заверка на зимскиот и упис на летниот семестар во учебната 2024/2025 година за студентите од прв циклус студии</u>**

Се известуваат редовните и вонредните студенти на прв циклус студии на Природно-математичкиот факултет - Скопје, дека заверката на зимскиот и упис на летниот во учебната 2024/2025 година ќе се одвива од

**<u>05.02.2025 до 18.02.2025 година</u>**, како целосно дигитализиран процес во точно утврден распоред по денови, во кои Одделението за студентски прашања ќе ги обработува уписите на студентите по години. **<u>РОКОВИ:</u>**

| Студенти запишани по прв пат во учебната година: | го заверуваат семестарот/го запишуваат семестарот | Период за заверка на зимски и упис на летен семестар: |
|---|---|---|
| уч.2024/2025 г. | 1/2 | 5-6 февруари 2025 |
| уч.2023/2024 г. | 3/4 | 7-10 февруари 2025 |
| уч.2022/2023 г. | 5/6 | 11-12 февруари 2025 |
| уч.2021/2022 г. | 7/8 | 13-14 февруари 2025 |
| уч.2020/2021 г. и претходно | 9 и нагоре<br>10 и нагоре | 17-18 февруари 2025 |

**<u>УПЛАТИ</u>** Студентите треба да ги извршат уплатите под реден број 1, 2, 3 електронски, со платежна картичка, директно од профилот на студентот во iKnow-системот.

**1**. уплатени средства за упис на летниот семестар во учебна 2024/2025 година, се уплаќа на жиро-сметката на Факултетот, за студентите запишани во една од квотите:

- редовни со партиципација (*****државна квота) или

- редовни со школарина (*со поднесување на трошоците за студирање – кофинансирање) или

- вонредни со школарина (*со поднесување на трошоците за студирање - кофинансирање).

**2.** уплатени средства во износ 1.500,00 денари за материјални трошоци поврзани со реализација на студиската програма, се уплаќа на жиро-сметката на Факултетот;

- назив и седиште на примач ПМФ – СКОПЈЕ

- банка на примач НБРСМ

- трансакциска сметка 100000000063095

- сметка на буџетски корисник на ПМФ 1600110804788 19

<u>За точка 1</u> - приходна шифра програма начин 723012 - 41 – 2

- цел на дознака (упис на летен семестар во уч.2024/2025 г. студиска програма _____)

| |
|---|
| <u>За точка 2</u> - приходна шифра програма начин 723019 - 41 – 2<br>- цел на дознака (за материјални трошоци поврзани со реализација на студиската програма). |

| -квота- | 1 ЕКТС кредит (денари) |
|---|---|
| Редовни со партиципација (*државна квота) 200 еур | 210,00 |
| редовни и вонредни школарина (*со поднесување трошоци за студирање) 400 еур | 410,00 |

**3.** Уплатени средства во износ од 100,00 денари за електронско запишување и заверување на семестар, се уплаќа на жиро-сметката на Универзитетот:

на жиро-сметката 100000000063095

депонент: НБРСМ,

со сметка на буџетски корисник 1600103689 788 18

приходна шифра програма начин 723019 - 41 – 2

- цел на дознака (за електронско запишување и заверување на семестарот)

**4**. Студентите кои нема да ја одбранат дипломската работа до 31.03.2024 година, треба да го запишат летниот семестар, односно да ја презапишат дипломската работа и да го уплатат износот (бројот на кредити на дипломската работа помножен по износот на единечен кредит), како и уплатите под реден број 2 и 3. Барањето за отварање на студентското досие, треба да биде поднесено најдоцна до 04.03.2025 г.

Сите потребни информации за надоместоците, може да ги најдете на следниот <u>линк</u>

Студентите ќе бидат дополнително известени во кој период ќе треба да го достават **<u>индексот</u>** во Одделението за студентски прашања, за да биде потврден уписот со печати на страницата за семестарот (задолжително да ги впишат предметите кои ќе се запишат во летниот семестар во учебната 2024/2025 година).

**ПРОДОЛЖУВАЊЕ на прекинати студии.**

Студентите кои имаат прекин во студирањето, треба да поднесат барање за продолжување на студиите во Одделението за студентски прашања, во периодот од 5-18 февруари 2025 година.

## <u>ЕЛЕКТРОНСКО ЗАВЕРУВАЊЕ И ЗАПИШУВАЊЕ СЕМЕСТРИ - ЧЕКОРИ</u>

**1. Студентот треба ЕЛЕКТРОНСКИ да ги запише**: летниот семестарот, а потоа и предметите во летниот семестар, следете ги чекорите за упис согласно даденото <u>упатство</u>. Потоа треба да потврди дека ги има исполнето условите за предметите и што значи дека изборот на предметите е финален, со штиклирање на квадратчето.

☐ Потврдувам дека ги имам исполнето условите за предметите [Промени]

Доколку студентот преминува со кофинасирање, запишува повеќе од 36 кредити, се префрла од една на друга студиска програма програма/акредитација, има било каков проблем со изборот на предметите, задолжително треба да сподели информација која би ја олеснила процедурата на упис. Задолжително да пише порака во студентскиот коментар (на пример, ги презапишувам следниве предмети, не можам да ги внесам следниве предмети и сл.) Не ги бришете претходните содржини во коментарот, за да остане целосната комуникација.

Внесете коментар за невалидноста на предметите или кредитите

2. **Одговорното лице од одделението за студентски прашања, треба да направи проверка** на запишаните предмети (дали се исполнети предусловите, кои се дефинирани во студиската програма и сл.) и доколку:

**-се е во ред,** (уредно се внесени електронските потписи од зимскиот семестар и уредно се внесени електронски оценки) **ќе го валидира уписот** и внесува порака во студентскиот коментар и во забелешката во семестарот;

- **доколку, има недостатоци** (невнесени потписи, оценки и сл.), студентот ќе добие порака со насоки во студентскиот коментар и во забелешката во семестарот.

3. **Студентот треба да ја изврши електронската уплата** преку својот профил во перидот за упис на неговата година или да ги отстрани недостатоците во профилот.

Се замолуваат студентите во периодот на упис, активно да го користат својот профил во Iknow системот.

| **Одделението за студентски прашања** одговорното лице за **Институт** | **електронска адреса** од одговорното лице за подршка и комуникација со студентите |
|---|---|
| **Институт за биологија**, за следниве студиски програми:<br>- Биологија - наставни кадри за средно образование<br>- Биохемија и физиологија<br>- Екологија<br>двопредметни студии по биологија-хемија<br><br>**Институт за етнологија и антропологија** | lidija.mitevska@pmf.ukim.mk |
| **Институт за биологија**, за студиските програми:<br>- Молекуларна биологија со генетика<br>- Нутриционизам | elenat@pmf.ukim.mk |
| **Институт за математика**<br>**Институт за физика**<br>- двопредметни студии по математика -физика<br>**Институт за хемија** | elenad@pmf.ukim.mk |
| **Институт за географија** | ivanam.ristovska@pmf.ukim.mk |

-keti@pmf.ukim.mk Раководител на Одделението за студентски прашања

28.01.2025 год. од Деканатот